Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 12 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 септември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Барањето на Друштво за производство на електрична енергија САТЕЛИТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Куманово УП1 бр.12-172/21 од 9 септември 2021 година за продолжување на лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253” издадена со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 305/20) СЕ ОДБИВА.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за производство на електрична енергија САТЕЛИТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Куманово, со седиште на ул.2 (Карпош) бр.1 Куманово (во понатамошниот текст: Друштво), на 9 септември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-172/21 од 9 септември 2021 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барања на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 305/20).

Друштвото, како причина за побараното продолжување наведе дека не е во можност да го спроведе договорот за долготраен закуп на градежно земјиште пред нотар поради распишување на локални избори.

Регулаторната Комисија за енергетика му укажаа на Друштвото дека е потребно да достави продолжување на рокот за изградба на објектите, пред истекот на лиценцата за пробна работа, имајќи во предвид дека согласно Анексот на Договор за концесија за користење на вода, бр. 11-3637/1 од 14 јули 2021 година, рокот за изградба на објектите се менува и се определува до 20 септември 2021 година, што е само три дена по истекот на важноста на лиценцата за пробна работа.

До рокот на важење на лиценцата за пробна работа, 17 септември 2021 година, до Регулаторната комисија за енергетика не беше доставен соодветен документ со кој се продолжува рокот за изградба на објектите.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1732/2 од 20 септември 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 20 септември 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика и член 12 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за одбивање на барањето за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ "ОСТРИЛСКА со реф.бр.253" на Друштво за производство на електрична енергија САТЕЛИТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Куманово.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека до Регулаторната комисија за енергетика не беше доставен соодветен документ со кој се продолжува рокот за изградба на објектите за малата хидроелектрана МХЕЦ "ОСТРИЛСКА со реф.бр.253" до датумот на важење на лиценцата за пробна работа и истата е веќе истечена, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-172/21**
**20 септември 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 96/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 12 të Rregullores së licencave (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 51/ 19, 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 20 shtator 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR REFUZIMIN E KËRKESËS**
**PËR VAZHDIMIN E LICENCËS SË PUNËS - PROVË**

1. Kërkesa e Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike SATELIT ENERXHI SHPKNJP, Kumanovë PA1 nr.12-172/21 datë 9 shtator 2021, për vazhdimin e licencës së punës - provë të hidrocentralit elektrik të vogël HCEV “OSTRILSKA me nr. ref. 253” të lëshuar me Vendimin për lëshimin e licencës së punës - provë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 305/20) REFUZOHET.

2. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-172/21**
**20 shtator 2021**
**Shkup**

**Kryetari i Komisionit Rregullator i Energjetikës**
**dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës**
**së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**